Обединети Нации

# Генерално Собрание

Резолуција A/66/209

## Подобрување на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста на јавната администрација преку зајакнување на Врховните ревизорски институции

Генералното Собрание,

Повикувајќи се на резолуцијата 2011/2 на Економско–социјалниот Совет од 26 април 2011 година,

Повикувајќи се, исто така, на резолуциите 59/55 од 2 декември 2004 година и 60/34 од 30 ноември 2005 година, како и претходните резолуции во врска со јавната администрација и развој,

Понатаму, повикувајќи се на Милениумската Декларација[1] на Обединетите Нации,

Нагласувајќи ја потребата од подобрување на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста на јавната администрација,

Нагласувајќи, исто така, дека ефикасна, отчетна, ефективна и транспарентна јавна администрација игра клучна улога во имплементацијата на меѓународно прифатените развојни цели, вклучително Милениумските развојни цели,

Истакнувајќи ја потребата од градење капацитети како инструмент за промовирање на развојот и поздравувајќи ја соработката на ИНТОСАИ со ОН во тој поглед,

1. Потврдува дека Врховните ревизорски институции можат да ги извршуваат своите задачи објективно и ефективно само доколку се независни од субјектот на ревизија и доколку се заштитени од надворешно влијание;

2. Исто така, ја уважува значајната улога на Врховните ревизорски институции во промовирање на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста на јавната администрација, која придонесува за постигнување на националните развојни цели и приоритети, како и усвоените меѓународни развојни цели, вклучително Милениумските развојни цели;

[1] Види резолуција 55/2

3. Ја следи со внимание и ја цени работата на ИНТОСАИ за унапредување на ефикасноста, отчетноста, ефективноста и транспарентноста, како и за ефикасно и ефективно добивање и користење на јавни средства во корист на граѓаните;

4. Исто така ги уважува Декларацијата од Лима на водечки упатства за принципите во ревизијата од 1977 година[2] и Декларацијата од Мексико за независноста на Врховните ревизорски институции од 2007 година[3], и ги поттикнува земјите членки да ги применуваат, на начин усогласен со националните институционални структури, принципите утврдени во овие Декларации;

5. Ги охрабрува земјите членки и релевантните институции на ОН да ја продолжат и интензивираат соработката со ИНТОСАИ, вклучително и во градење на капацитети, со цел да промовираат добро управување со обезбедување ефикасност, отчетност, ефективност и транспарентност преку зајакнати Врховни ревизорски институции.

---

[2] Lima Declaration of Guidelines on Auditing Precepts, усвоена на IX Конгрес на ИНТОСАИ во Лима, 17-26 октомври 1977 година

[3] Mexico Declaration on Supreme Audit Institutions Independence, усвоена на XIX Конгрес на ИНТОСАИ во Мексико Сити, 5-10 ноември 2007 година